УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА СТРУМИЦА - ART GALLERY STRUMICA
МАКЕДОНСКА СЕКЦИЈА НА ЛИКОВНИ КРИТИЧАРИ - AICA

# ИЗБОР '97
# SELECTION '97





УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА
СТРУМИЦА
ART GALLERY
STRUMICA

МАКЕДОНСКА СЕКЦИЈА
НА ЛИКОВНИ КРИТИЧАРИ
AICA

# ИЗБОР '97
# SELECTION '97

Октомври - Ноември 1998



## Зошто ИЗБОР?

Причини веројатно има повеќе, но неколку се суштински:

Првата е можеби наједноставна: македонската ликовна уметност и македонската ликовна критикадосега немале ваква изложба. Ова секако не мора да се земе како врвен мериторен аргумент, но сепак - македонската ликовна уметност и македонската ликовна критика имаат право на ваква изложба. Тоа право само по себе не е толку обврзувачко, но ако кон тоа се додаде дека сепак, имајќи ги предвид сите изминати децении, тие тоа право и го заслужиле - тоа е веќе нешто! Впрочем, во многу други области во културата и уметноста во Македонија, преку формата на фестивали, избори - едни или, награди... на некој начин се врши сличен тип на селекција и валоризација на уметничките дострели.

Второ, сите слични обиди за вакви изложби (а тука пред се мислам на традиционалната годишна изложба на ДЛУМ) во стартот ја немаа(т) идејата за ваква критичка опсервација и вреднување. Дури и Зимскиот салон (освен Првиот, но и тој со различна основна концепција) не смогна сили да ги надмине тесноеснафските, ревијалните, манифестантните рамки. Никој не го негира правото на ликовните уметници самите да селектираат, вреднуваат и наградуваат, но кон што води тоа?

Трето, македонската ликовна критика, наспроти нејзиниот тековен ангажман во институциите, во медиумите (иако се помалку) итн., можеби на јавноста и должи еден ваков поглед, една ваква критичка презентација на нејзините видувања на годишната македонска ликовна продукција. Без илузии дека тоа нејзино видување, таа селекција некого понатаму ќе го обврзе на нешто, особено на ликовните уметници со цел да им диктира што и како да работат, но барем да укаже, посочи, сугерира... Зошто, ако тоа не го направи стручната и компетентна критика, тогаш кој?

Четврто, и повторно сврзано со ликовната критика: традиционалноста односно годишното одржување на една ваква изложба во извесна смисла ќе претставува и можност за преиспитување на ставовите на ликовната критика. Надевајќи се во долговечноста на изложбата, таа после само неколку години ќе го покаже - (ре)валоризира - или можеби негира претходниот избор и критериум.

## Зошто Струмица?

За Струмица можат да се наведат многу причини со сила на аргументи, но во основа се важни неколку. Имено, Уметничката галерија во Струмица беше институција што покажа интерес зализацијата и натамошниот развој на идеата за еден ваков проект, што е аргумент за почит. Понатаму, ако кон ова се придодаде и фактот дека Струмица е еден од првите ликовни центри во Македонија, дека градот не само во време на одржувањето на Меѓународната ликовна колонија практично живее со ликовната уметност итн., тогашмислам дека тоа се причини доволни да се има верба во успешната реализација на оваа и идните изложби од овој проект.

На крајот, не смее да се превиди и фактот дека во Македонија, со години наназад, најголемиот број културни манифестации се сврзани со Скопје. Не дека Скопје како главен град и, условно, претендент за статус на метропола тоа не го заслужува, но сепак, една од современите тенденции на културните политики во Европа и светот е и децентрализацијата односно деметрополизацијата на културата. Оттука, и оваа изложба и изборот на Струмица за нејзин традиционален домаќин (со интенција изложбата да се пренесе уште во два града во Републиката), на извесен начин можеби ќе поттикне и други слични случувања во повеќе културни центри во Македонија.

## Зошто овој избор, или - македонската уметност денес!

Всушност, овој избор е, практично, диктиран (ре)избор или повторна (ре)валоризација на македонската ликовна сцена во претходната година. Имајќи предвид дека станува збор за автори/дела од самостојните изложби на македонски ликовни уметници во 1997 година, можностите се лимитирани односно сведени на некој претходен избор (музејски, галериски, кураторски - значи: институционален или индивидуален), којшто реално, (или можеби не?), ја креира сликата за актуелната македонска ликовна сцена. (Зборовите актуелна македонска ликовна сцена, сите заедно и секој одделно, се прилично проблематични и треба да се земат со резерва, почнувајќи од тоа што навистина е македонска ликовна сцена, што е актуелно а што "актуелно", кој и како ја креира сцената и актуелното на истата итн.).

Овој (ре)избор, како еден од можните (зашто, некој друг, претпоставувам, би направил поинаков избор) подеднакво аргументирано може да:

- одговори на одделни прашања;
- постави одделни прашања:
- наметне извесни дилеми.

Прво за дилемите: ова ли е вистинската слика за македонската уметност денес или е слика што некој сака/сакаме да ја види(ме); македонски "McDonalds"; што е со традиционалните медиуми - навистина ли се мртви или се само неинтересни и неактуелни во дадениот миг; Балканска варијанта на глобално село; можеме ли/смееме ли да си дозволиме кратко паметење дека голем дел од денес актуелните и т.н. нови уметнички искази веќе одамна биле елаборирани во македонската уметност, на еден или на друг начин?!

Јасно назначените прашања / одговори би биле: паѓањето на Берлинскиот Ѕид и глобализацијата на Европа наметнуваат глобализација и во уметничкиот исказ; генерации ликовни уметници, особено последнава деценија, го чувствуваат секојдневието и ја практикуваат уметноста на сличен начин, независно од местото каде создаваат; Европа и Балканот (конечно) взаемно се откриваат; дилемите на уметникот се и дилеми на општеството; нема веше центар и периферија - глобализацијата и интернационализмот ги бришат границите (или сепак, не?!); се е прашање на промоција!

Но, од друга страна, глобализацијата и интернационализацијата (и) на уметноста последнава деценија избришаа и многу други нешта, а пред се ја укинаа (до кога?) доминацијата на еден Стил, еден Правец, едно Движење...Уметниците денес не се оптоварени со следење туку релаксирано се занимаваат со Создавање! А недиктираното создавање отвора неомеѓен спектар на теми, поетики, искази...толку евидентни во денешната уметност. Во отсуство на Доминантна Вистина, сите поединични вистини се - вистините!

Она што денес е можеби најфасцинантно во уметноста на Европа, а со тоа и во македонската уметност како некаков нејзин дел, е сличноста на тие бројни уметнички вистини - се разбира не во вулгарна буквална смисла, туку во течението на уметничката мисла, истражувањата, ослободеноста од Големи Теми, сензибилитетот на одделни генерациски (или не) блиски уметници на сосема различни географски ширини... Делата на одделни уметници од Македонија сосема комфорна би се чувствувале и во Осло, Париз, Истанбул или Лисабон, и обратно!

За некого ваквиот тек на современата уметност во Европа, а со тоа и во Македонија како нејзин дел, може да изгледа застрашувачки - пред се од аспект на некакво губење на личниот / националниот идентитет во уметноста во полза на интернационалниот. Но тоа е така само на прв поглед, на површината, под која секој уметник во самата суштина на делото го вградува индивидуалното, Личното, сопственото Јас. Се разбира дека разлики имало и ќе ги има - историски, културни, социјални...- и тие се сеуште евидентни, но она што навистина пленува е тој композит, таа мешовитост на глобални сличности и индивидуални различности, на личното и/или ликалното со интернационалното!

Сите овие аспекти, повеќе или помалку, се присутни и во македонската ликовна уметност денес и, се разбира, направен е обид барем дел од нив да бидат препознатливи и на оваа изложба.

Она што можеби останува сеуште како непознаница во однос на овие т.н. актуелни текови во македонската уметност, она што останува како теориски долг на историјата на уметност, она што останува како теориски долг на историјата на уметноста и ликовната критика на овој простор, е прашањето/дилемата: дали овие текови се плод на индивидуални истражувања или обид за фаќање некаков чекор со тековите на европската уметност; дали оваа актуелна тенденција во Македонија е самосвесен производ или е резултат на информативната, културната, комуникациската...општата отвореност на овој простор после 1989 година; каков и колкав е уделот на т.н. кураторски (или диктаторски!?) модел на однесување на ликовната критика (и уметност) во креирањето на денешните актуелности во уметноста?

* * *

Потписникот на овие редови можеби ја имаше таа среќа македонската ликовна сцена во 1977-та да биде доволно богата (но дали и разновидна?) со квалитетни самостојни претставувања, за да од нив се направи (ре)избор што би задоволил одделни критериуми и стандарди. Со исклучок на неколку уметници коишто не се застапени на оваа изложба (заради тоа што немале самостојни претставувања во 1997), избраните автори практично се најдоминантните имиња на македонската ликовна сцена последнава деценија (се разбира, во насоките на развојот на уметноста кај нас во овој период за којшто претходно станува збор).

Тоа е генерација на уметници - не веќе толку млади - којашто подолго време е во главните текови на т.н. актуелна сцена, уметници коишто во континуитет (временски и творечки) се наметнаа со силата на индивидуалните уметнички искази.

Ова во прв ред би се однесувало на: циничната црнохуморна филозофичност, инвентивната интелектуална маштовитост и особено "алегориското и амблематското означување" (Сузана Милевска) кај Александар Станковски; монументалните повеќезначно загадочни Exo-системи на Јован Шумковски, уметник чии дела на известен начин ја одбележуваат оваа деценија во македонската ликовна уметност; синтезата на романтично-утопискиот и ортодоксно рационалниот приод кај Томе Аџиевски како "вклучување во егзистенцијалниот и онтолошкиот карактер на реалацијата човек-природа" (Соња Абаџиева); обредно-ритуалните и во самата суштина длабоко архетипски, танатометаморфозични и "тегобни" (Лилјана Неделковска) истражувања на Искра Димитрова, со цел "да се видишсебе си во некоја друга ситуација на создавање на едно поинакво тело" (Искра Димитрова); метафоричноста на фотографиите на Елизабета Аврамовска, иконографија на баналните дребулии издигнати на степен на елементи-патокази во нашите животи.

Вон контекстот на овие уметници, не само генерациски туку и како уметнички сензибилитет, импресионира носталгично-меланхоличната интроспективна приказна на Лилјана Ѓузелова, колку длабоко лично толку и општа, повторно и повторно навраќање и соочување со (не)саканото минато - или,

речиси еден цел живот спакуван во стар сандак!

Во т.н. класични медиуми (графиката), но на свеж и некласичен начин, Славица Јанешлиева во проектот "Трло" мошне инвентивно ги истражува можностите на опросторување на графичкиот медиум односно неговата "тродимензионална симулација" (Сузана Милевска).

Ако за претходните автори/дела не беше потребна поширока елаборација за нивното присуство на оваа изложба, тоа секако е неопходно во случајот на вклучувањето на книгата "Антологија на современата поезија на Зим Сат-Бара" од Бајслок (Цветан Враживрски). Свесен дека вклучувањето на книга на една ваква изложба може да предизвика редица недоумици, потписникот на овие редови е должен да појасни дека таа книга ја посматра во прв ред како ликовно дело, или ако сакате како книга невообичаена за нашиве простори која според низа елементи - пред се обликувањето (Цветан Враживрски и Ратко Панчевски) - се доближува до поимот ликовно дело.

Едновремено, должен сум да потенцирам дека, според сите валидни критериуми, на оваа изложба треба да бидат вклучени и Благоја Маневски со неговиот проект "Територија" и Игор Тошевски со проектот "Досие", обата изведени во Музејот на Град Скопје минатата година. Но, за жал, карактерот на овие проекти и нивните димензии, беа над можностите на оваа изложба.

Конечно, едно дополнително објаснување сврзано со евентуалната дилема повторливост/неповторливост на делото (проектот) односно целовитост на проектот:

Имено, оваа дилема може во конкретнииов случај (овој избор) да се појави и кај стручната но и кај пошироката јавност, особено во поглед на проектите на Лилјана Ѓузелова, Искра Димитрова, евентуално Елизабета Аврамовска, или, во крајна линија, во поглед на сите застапени уметници.

Но, прво, за потписникот на овие редови дилемата за повторливоста односно неповторливоста на делото (проектот) практично - не постои, зашто тогашби морале да ја подведеме под дилема и целокупната актуелна уметност од овој вид во светот т.е. можноста за нејзина (ре)презентација. На пример, точно е дека делото-инсталацијата "Вечното враќање" на Лилјана Ѓузелова е конципирано и изведено за одреден простор (куќа во Маџир маало во Скопје), но значи ли тоа дека делото, пренесено односно повторно изведено во друг простор /друго маало/ друг град...губи нешто (малку или многу?) од првобитниот концепт, од неговата автономност...или пак на тој начин добива нови, дополнителни, непредвидливи, ненасетливи, надградени димензии и значења?! Аком круто се држиме до изворниот концепт на делото, ќе може ли тогашсовремениот уметнички исказ транспониран главно низ инсталации, перформанси и слично, да биде презентиран на кое и да е друго место вон изворната локација???

Второ, целовитоста односно кохерентноста на еден проект е во извесна мера покомплексно прашање од претходното, но и тоа не е непремостливо. Имено, на пример, проектот "Мементо мори" на Искра Димитрова, реализиран како целовит проект во Музејот на современата уметност во Скопје, е составен од три дела /сегменти/ проекти...од кои највпечатлив за потписникот на овие редови е овој прикажан на оваа изложба. Трите сепарати /дела/ сегменти...ја сочинуваат целовитоста на приказната на проектот, но и секој за себе /во себе содржи одделна приказна, одделна целовитост, естетска автономност! Сличен е случајот и со Елизабета Аврамовска, чијашто изложба на Музејот на Град Скопје беше конципирана како целовит фото есеј "4 елементи" (вода, земја, воздух и оган), но секој елемент - секое дело е автономно и егзистира и само за себе.

Впрочем, токму од овие причини - целовитоста односно несакањето да се наруши интегритетот на проектот - на изложбава не се вклучени (како што е претходно споменато) проектите на Благоја Маневски и Игор Тошевски.

**Златко Теодосиевски**

Why a SELECTION?

Probably there are a whole lot of reasons, but several are essential:

First, and perhaps the simplest one: Macedonian fine art and Macedonian art criticism, haven't had such an exhibition, so far. . This isn't a necessary top relevant argument, albeit Macedonian fine art and Macedonian art criticism have right to such an exhibition. This right is not so obligatory by itself, but adding all the past decades, it is deserved -and that is really something! After all, in many other fields in culture and art in Macedonia, through the form of festivals, selections,-of one or other kind; awards, ...somehow a similar type of selection and evaluation of the artistic domains is made.

Second, all similar attempts for this kind of exhibitions (having especially in mind traditional annual exhibition of DLUM) in their start lack the idea of critical observation and evaluation . Even the Winter Salon (except the first one, but with a different basic concept) didn't find strength to surpass the narrow-craftsmen, review-like and manifestation frames. Artists are not denied the right to select, evaluate and award themselves, but where does it lead?

Third, Macedonian art criticism, despite its current engagement in the institutions and media (although to a lesser degree) etc., probably owes the public such a view, survey, critical presentation of its own approach to the annual Macedonian art production.
No illusions that its viewpoint, its selection is further obligation to something , especially not to the artists , aiming to instruct them what and how to work, but at least to point, to draw attention, to suggest...Then ,who should do this , if not the expert and the competent criticism question

Fourth, and linked to art criticism again: tradition, that is an annually held exhibition, in certain sense presents an opportunity to re-examine the art criticism standpoint. Expecting the long-lasting exhibition, in only a few years period, it will show, re-evaluate, or maybe negate the former choice and criterion.

WHY STRUMICA *question*

For Strumica there are many reasons with the force of the argument, but basically several are important . As a matter of fact, The Art Gallery in Strumica was the institution that showed interest in realization and further development of the idea for this kind of a project, which is an argument for respect .Further on, if we add the fact that Strumica is one of the first art centers in Macedonia ,that the town practically lives with art not only during the International Plastic Art Colony,etc. ,then I consider these reasons being enough on the chance of successful realization of the present and the future exhibitions of this project.

Finally, we can't also overlook the fact that in Macedonia , from year to year backwards, the greatest number of cultural events are connected with Skopje. Not to say ,that Skopje as a capital ,and conditionally, aspiring for a status of metropolis, doesn't deserve it ,but still ,one of the contemporary trends of cultural policy in Europe and the world is decentralization i.e. de-metropolisation of culture. Hence, this exhibition, as well as the choice of Strumica for its traditional host (with intention to transfer the exhibition in two more towns in the Republic) can perhaps initiate in some way other similar happenings in more cultural centers of Macedonia.

Why this selection , or –The Macedonian art today!

Actually, this selection is practically dictated (re)selection or repeated ( re)evaluation of the Macedonian art scene in the previous year. Bearing in mind that we deal with authors/works from the solo exhibitions of Macedonian artists in 1997,the possibilities are limited i.e. reduced to some previous selection (of museums, galleries, curators-so: institutional or individual ),which really (or maybe not? )creates the picture of current Macedonian art scene. The words: current Macedonian scene, all together and each taken separately ,are quite troublesome and should be taken with a hint of reserve ,beginning with what in fact, Macedonian art scene is, what current is, and what "current" is, who and how creates the scene and the relevant issues on it etc.)

The present (re)selection , as one of the possible ones (for I suppose somebody else would have made another choice) ,can at the same time (with argumentation):
-answer particular questions;
-ask particular questions
-impose certain dilemmas.

First about the dilemmas: is this the real picture of the Macedonian art today or is it a picture someone/we wants/want ( us)/ to see; Macedonian "McDonald's"; what about traditional media-are they truly dead or just uninteresting and not relevant at the actual moment; the Balcans variant of a global village ;can/dare

we afford short memory that a great deal of today's actual and so called new artistic accounts had already been elaborated in Macedonian art long ago , this or either way?!

Clearly indicated questions/answers would be : the fall of the Berlin Wall or the globalization of Europe impose globalization in the artistic expression ;generations of artists, especially in the last decade ,feel the everyday event and practice the art in similar way, independently on the place where they create; Europe and the Balcans (at last)mutually discover themselves; the dilemmas of the artist are at the same time dilemmas of the society; no more center and periphery –globalization and internationalism wipe the borders (or yet no?!);all is a matter of promotion!

But, on the other hand, globalization and internationalization (and) of art in the last decade wiped many other things, as well, and suspended(for how long)the dominance of one style, one tendency, one movement,...Artists today are not burdened with **following,** but deal in relaxed way with **Creation**! And non dictated creation opens boundless spectrum of themes, poetics, expressions.. .fairly evident in today's art. In absence of the Dominant Truth , all particular truths are –true!

What is today perhaps the most fascinating in European art, and in the Macedonian art at the same time, as its part of a kind, is the similarity of the plenty of these artistic truths –of course, not in vulgar literal sense ,but in the stream of the artistic thought, explorations, release from the Great Themes, sensibility of separate, close by generation (or not) artists in quite different geographical latitudes...The works of separate artists from Macedonia, would feel fairly comfortable in Oslo, Paris, Istanbul, or Lisbon, and vice versa !

For someone this tendency in the contemporary art in Europe, and consequently in Macedonia as its part ,may seem frightening-first of all, from the aspect of some kind of personal/national loss of identity in the art for the benefit of the international. But this is so at first sight, on the surface, under which every artist in the exact essence of the work implements the individual, Personal, own **I.** Of course, differences existed and will exist- historical, cultural, social,...and still evident, but what really captivates is that composition, that mixture of global similarities and individual differences, of personal and /or local with the international!

All these aspects, more or less, are present in Macedonian fine arts today, and of course an attempt is made surely a part of them to be recognized at this exhibition.

*What may remain as an enigma regarding these so called current trends in Macedonian art, what remains theoretical debt to the history of art and the art criticism in this space, is the question/dilemma: are these trends due to individual explorations ,or an attempt to keep pace with the trends of the European art ;is the ongoing tendency in Macedonia self-aware product or result of informative ,cultural, communicational ...general openness of this space after 1989;what( and to what extent) is the part of so called curators'(or dictatorial?) pattern of behavior of the art criticism(and art) in the creation of the present currents in art?*

* * *

The author of these lines, was maybe lucky enough, to see the Macedonian fine arts scene in 1997 abundant enough(and yet, was there a variety?)in qualitative solo presentations, so that re(selection)could be made to satisfy particular criteria and standards .Exception are a few authors not presented here(because they didn't have solo exhibitions in 1997),but the chosen authors are practically the most dominant names on the Macedonian fine arts scene in the last decade (of course in the direction of the development of art in this period already mentioned ).

That is a generation of artists - not so young – which persist in the main streams of so called relevant scene for longer time , artists who imposed themselves with the force of individual artistic expressions in continuity(temporal and creative) .

First of all , this refers to: cynical , black humored philosophy , inventive intellectual imagination and especially "allegorical and symbolical marking"(Suzana Milevska) of **Aleksandar Stankovski** ; Monumental poly-semantic , enigmatic Echo – systems of **Jovan Sumkovski** , an artist whose works mark this decade of Macedonian fine arts in a way; synthesis of romantically – utopian and orthodox- rational approach of **Tome Adjievski** as "plugging in existential and ontological character on the relation man-nature " (Sonja Abadjieva ); Religious ritual and essentially deep archetypal tanato- metamorphosical and "hard"(Liljana Nedelkovska ) explorations of **Iskra Dimitrova** , so that "you see yourself in some other situation of creation of one different body "(Iskra Dimitrova); Metaphorical photographs of **Elizabeta Avramovska** , iconography of trivial details raised to the level of elements – road signs in our lives .

Out of the context of these artists , not only as a generation but as an artistic sensibility as well ,nostalgic-melancholic introspective story of **Ljiljana Guzelova** impresses, not only as deeply personal but common, as well, again and again, returning and facing the (not)beloved past-or, almost one whole life packed into an old trunk!

In the so called classical media (graphics), but in a fresh and non classical manner, **Slavica Janeshlieva** in the project "Sheepfold" very inventively explores the possibilities of space-taking of the graphics medium i.e. its "three-dimensional simulation "(Suzana Milevska)

If we needed no longer elaboration for the presence of the previous author's/works at the exhibition, that is necessary in the case of including the book "Anthology of Contemporary Poetry of Zim Sat-Bara"by

**Bajslok(Cvetan Vrazhivirski).** Being aware that including this book in such an exhibition may lead to series of perplexity ,the signatory, has a duty to explain that he sees this book , first of all ,as an art work, or if you like, as a book unusual for our space, which ,by the series of elements-mostly the **formatting** (**Cvetan Vrazhivirski and Ratko Pancevski**)-comes close/approaches to the term art work.

At the same time ,I must stress that according to all valid criteria ,at this exhibition should have been included :**Blagoja Manevski** with his project **"Territory"** and **Igor Toshevski** with the project "**File**", both presented in the City Museum of Skopje last year. But, regrettably the character of these projects and their dimensions, were beyond the feasibility of this exhibition.

At last, one additional explanation connected with the possible dilemma: reoccurrence/ uniqueness of the work(project )i.e. . **entirety** of the project;

In fact, this dilemma may occur in this very case(this selection)among the expert as well as the wide audience ,particularly in the case of the projects of **Ljiljana Guzelova, Iskra Dimitrovska**, conceivably **Elizabeta Avramovska** or at last ,referring to all the artists presented.

But, first , for the signatory the dilemma of the reoccurrence i.e. .uniqueness of the work (project) practically is- non existing ,for in that case the whole current world production of this kind should be put under consideration, that is ., possibility for its (re)presentation.

For·example, it is correct that the work/installation **"Eternal Return"** of **Ljiljana Guzelova** is created and performed for particular space(a house in Madzir maalo in Skopje) ,but does it mean that the work, transposed and re-performed in other space/other district / other town ,loses something (little or much) of its primary concept ,of its autonomy ...or in that way it acquires new, additional, unpredictable, unintuitive, overbuilt dimensions and meanings?! If we strictly stick to the original concept of the work , could then the contemporary art expression transposed mainly through installations, performances and alike, be presented in whatever space outside the original location?!

Second, the entirety i.e. coherency of a project is to a certain degree more complex issue than the former one, but not an insurmountable. In fact, if we take for example the project **"Memento Mori"** by **Iskra Dimitrova**, realized as an entity project in the Museum of Contemporary Art in Skopje ,and composed of three parts/segments/projects...of which the most impressive for the signatory , is the one presented at this exhibition. The three separates/works/segments...comprise the entirety of the story of the project, but each for itself/contains separate story, separate entirety, esthetical autonomy ! The similar case is the one with **Elizabeta Avramovska** whose exhibition in the Museum of City of Skopje, was primarily imagined as an entire photo essay "**4 Elements"(**water, earth, air and fire),but every element, every work is autonomous and exists for itself.

However, these are the reasons –not to destroy the entity /the integrity of the project-why at this exhibition are not included(as previously mentioned) the projects of Blagoja Manevski and Igor Tosevski .

**Zlatko Teodosievski**

# АВТОРИ И ДЕЛА
# AUTHORS and WORKS

# ИЗБОР '97
# SELECTION '97

## ЕЛИЗАБЕТА АВРАМОВСКА

Родена во Скопје, 1956. Дипломирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, 1984. Магистрирала на Одделот за историја и филозофија на уметност и архитектура, Централно Европски Универзитет, Прага, Чешка Република, 1995. Апсолвент на Архитектонски факултет од 1986. Член на Друштвото на ликовни уметници на Македонија од 1985. Дејности: сликарство, графички дизајн, архитектура, костимографија, сценографија, педагогија и фотографија.

### ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:

- Денови на млади уметници, Дом на млади, Скопје, Македонија
- Денес, 1983, Колегиум Артистикум, Сараево, Босна и Херцеговина, Југославија
- Изложба на Друштвото на ликовни уметници на Македонија - ДЛУМ, 1985, Даут Пашин амам, Скопје, Македонија
- ДЛУМ 86, 1986, Даут Пашин амам, Скопје, Македонија
- Изложба, 1986, Културен центар, Белград, Југославија
- Аквизиции 6, 1986, Музеј на современа уметност, Скопје, Македонија
- Изложба на првата генерација дипломирани уметници на ФЛУ, 1986, МНТ, Скопје, Македонија
- ДЛУМ 87, 1987, Даут Пашин амам, Скопје, Македонија
- Цетињски салон југословенске уметности, 1987, Цетиње, Црна Гора, Југославија
- Биенале на млади, 1987, Музеј на современа уметност, Скопје, Македонија
- Велушко ликовно ателје, 1988, Уметничка галерија, Битола, Македонија
- ДЛУМ-цртеж, 1988, Универзитетска библиотека, Скопје, Македонија
- ДЛУМ, 1988, Даут Пашин амам, Скопје, Македонија
- Биенале на млади, 1898, Музеј на современа уметност, Скопје, Македонија
- Изложба на орвата генерација дипломирани сликари, 1989, Даут Пашин амам, Скопје, Македонија
- Биенале на млади, 1991, МСУ, Скопје, Македонија
- Зимски салон, 1991, Даут Пашин амам, Скопје, Македонија
- Зимски салон, 1994, Даут Пашин амам, Скопје, Македонија
- Чифте амам - инсталации, 1996, Чифте амам, Скопје, Македонија
- Кичевска колонија, 1996, Кичево, Скопје и Куманово, Македонија
- Четврто меѓународно биенале на уметноста на минијатурата, 1996, Горњи Милановац, Југославија
- Зимски салон, 1997, Уметничка галерија Даут Пашин амам, Скопје, Македонија
- Македонски цртеж, 1997, НУБ, Скопје, Македонија

### САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

- Цртежи, слики и коментари, 1987, Архитектонски факултет, Скопје, Македонија
- Изложба на Дијана Томиќи Елизабета Аврамовска, 1989, Стопанска банка, Скопје, Македонија
- Пентаграм - еднодневна видео инсталација, 1995, Централно европски универзитет, Прага, Чешка Република
- 4 елемента, фото-есеј, 1997, Музеј на град Скопје, Скопје, Македонија

### ФОТОГРАФИЈА:

- Фотографија објавена во **London Magazine, Themes and Hadson**, Лондон, 1996
- Фотографии објавени во фоторефот магазин бр. 3, Белград, С.Р. Југославија, 1996

### НАГРАДИ:

- Прва награда за сликарство на конкурсот Денови на млади уметници, Дом на млади 25-ти Мај, Скопје, 1982
- Прва награда за плакат на Федералниот југословенски конкурс на конгресот на студенти по архитектура на Југославија; Авторски тим: Елизабета Аврамовска, Горан Бојчин, Никола Кипровски, 1985
- Прва награда за плакат на ЦЕУ, на конкурсот на Централно Европскиот Универзитет во Прага, 1995
- Откупна награда од Музејот на современа уметност, на изложбата Аквизиции-6, 1986
- Награда на македонскиот цртеж Никола Мартиновски, 1997, Универзитетска библиотека, Скопје, Македонија

ELIZABETA AVRAMOVSKA

Born in Skopje, 1956. BA diploma, Faculty of Fine Arts, 'Sts. Cyrill and Metodius" University, Skopje, Macedonia, 1984. Graduate student at the Faculty of Architecture, 'Sts. "Cirill and Metodius" University, Skopje, Macedonia, 1986. MA diploma, History and Philosophy of Art and Architecture, The Central European University, Prague, Czech Republic, 1995. Member of Fine Art Association of Macedonia since 1985. Experience in the fields of: painting, graphic design, stage and costume design, architectural design, teaching.

GROUP EXIBITIONS:
"Days Of Young Artists", 1982, Youth Center, Skopje, Macedonia
"Today", 1983, Colegium Artisticum, Saraevo, Saraevo, Bosnia and Hercegovina
"Exhibition of Fine Art Association of Macedonia - FAAM", 1985, Art Gallery - Daut Pasha Amam, Skopje, Macedonia
"Exhibition of DLUM", 1986, Art Gallery - Daut Pasha Amam, Skopje, Macedonia
"Exhibition at the Cultural Centar", 1986, Belgrade, Serbia
"Acquisitions 6", 1986, Museum of Contemporary Art, Skopje, Macedonia
"Exhibition at the Macedonian National Theater", 1986, Skopje, Macedonia
"Exhibition of DLUM", 1987, Art Gallery - Daut Pasha Amam, Skopje, Macedonia
"Cetinian salon of Yougoslav Art", 1987, Cetinje, Monte Negro
"Biennial of Young Artists", 1987, Museum of Contemporary Art, Skopje, Macedonia
"Art Studio from Velushina", 1988, Art Gallery, Bitola, Macedonia
"DLUM-drawing", 1988, University Library, Skopje, Macedonia
"Exhibition of DLUM", 1988, Art Gallery - Daut Pasha Amam, Skopje, Macedonia
"Biennial of Young Artists", 1989, Museum of Contemporary Art, Skopje, Macedonia
"Exhibition of the First Graduate Painters Generation", 1989, Art Gallery - Daut Pasha Amam, Skopje, Macedonia
"Biennial of Young Artists", 1991, Museum of Contemporary Art, Skopje, Macedonia
"Winter Salon", 1991, Art Gallery - Daut Pasha Amam, Skopje, Macedonia
"Winter Salon", 1994, Art Galery-Daut Pasha Amam, Skopje, Macedonia
"Chifte Amam installations", 1996, Chifte Amam, Skopje, Macedonia
"Kichevo Colony", 1996, Kichevo, Skopje and Kumanovo, Macedonia
"Winter Salon", 1997, Art Gallery - Daut Pasha Amam, Skopje, Macedonia
"The Fourth International Biennial of Miniature Arts", 1996, The Museum of the Rudnik-Takovo Region, Gornji Milanovac, Yougoslavia
"Macedonian Drawing", 1997, University Library, Skopje, Macedonia
"Art City", 1997, Muzeum of Contemporary Art, v. Bardovci, Macedonia

INDIVIDUAL EXHIBITIONS:
"Drawings, Paintings and Comments", 1987, Faculty for Architecture, Skopje, Macedonia
"Exhibition of Dijana Tomic and Elizabeta Avramovska", 1989, Stopanska Banka, Skopje, Macedonia
"Pentagram - one day video installation", CEU, Prague, Czech Republic
"4 Elements", photo esay, 1997, Muzeum of the city of Skopje, Skopje, Macedonia

PHOTOGRAPHY:
Photography published in London Magazine, 1996, Themes and Hadson, London, p. 160
Photographs published in Fotorefot Magazin, No. 3, 1996, Beograd, YU, p.43

AWARDS:
I-St prize for painting at the painters competition "Days of Young Artists", Youth Center, Skopje, 1982
I-St prize for poster at the Yougoslav Federal Competition, for the Students" Architectural Congress of Yougoslavija, 1985. Authors team: Elizabeta Avramovska, Goran Bojcin, Antonie Kalcevski, Nikola mKiprovski.
I-St prize for architecture at the Yougoslav Federal Competition "School for Us", 1985. Authors team: Elizabeta Avramovska, Goran Bojcin, Nikola Kiprovski.
O-St prize for poster at the CEU Poster Contest at the CEU in Prague, 1995.
Prize Nikola Martinovski at the exhibition Macedonian drawing, University Library, Skopje, Macedonia, 1997.

## ТОМЕ АЏИЕВСКИ

Роден 29. 11. 1958 во Струмица. Академија за ликовни уметности завршил во Загреб 1983 на отсекот за скулптура во класата на Иван Саболиќ.
Студиски престој во Англија, Турција и САД.
Адреса: ул. Партение Зографски 39, 91000 Скопје, Македонија, тел. (++38991)209 927

### САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

1986 - Скопје, Музеј на Македонија ("Трчање по Запад");
1988 - Струга, Дом на културата "Браќа Миладиновци";
1993 - Скопје, Музеј на современата уметност;
1997 - Скопје, Музеј на современата уметност

### ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ (избор)

1985 - Скопје, Музеј на Македонија, Експресија, гест, акција;
1986 - Скопје, Музеј на Македонија, Осумдесеттите години во македонската ликовна уметност;
Скопје, Центар за култура и информации, Еротизмот во современата македонска ликовна уметност;
1987 - Скјопје, Музеј на современата уметност, Прво биенале на младите; Мурска Собота, Културни центар "Мишко Крањец",
Југословенско биенале на ситна пластика;
1988/89 Скопје, Музеј на современата уметност, Куманово, Уметничка галерија, Скулптура - простор;
1989 - Херцег Нови, Галерија "Јосип Бепо Бенковиќ", 22. Херцегновски зимски салон;
Риека, Модерна галерија, 15. Југословенско биенале на младите;
Панчево, Савремена галерија центра за културу "Олга Петров". 5. Изложба на југословенската скулптура во Панчево;
Сараево, Олимписки центар "Скендерија", Југословенска документа 89",
Скопје, Музеј на современата уметност, 2. Биенале на младите;
1990 - Панчево, Савремена галерија центра за културу "Олга Петров",
Зрењанин, Савремена галерија, Новите движења во македонската ликовна уметност;
1991 - Скопје, Музеј на современата уметност, 3. биенале на младите;
Риека, Модерна галерија, 16. југословенско биенале на младите;
Панчево, Савремена галерија центра за културу "Олга Петров",
6. изложба на југословенската скулптура;
Мурска Собота, Културни центар "Мишко Крањец", Југословенско биенале на ситна пластика;
1992 - Скопје, Уметничка галерија, 1. зимски салон;
1994 - Нирнберг, Kunstbunker, Дрезден,
Galerie im Kulturrathaus, 7 Уметници од Скопје, Македонија;
Скопје, Музеј на современата уметност, Антологија на македонската ликовна уметност 1894-1994;
1995 - Берлин, Медиен Галерие, 5 уметници од Македонија;
Скопје, Музеј на современата уметност, 9 1/2 - нова македонска уметност;
Канзас Сити (Мисури, САД), Unated States Information Agency,
Mid-America Arts Alliance;
1996 - Њујорк, Palace of UN, Недела на македонската младина и култура; Париз, Cite internationale des arts, 75 уметници од Македонија.

### ИНСТАЛАЦИИ И ПЕРФОРМАНСИ

1986 - Скопје, Тврдина "Кале", "Голема нова слика";
Скопје, Музеј на современата уметност,
Инсталации и интервенции Шемов - Фидановски, самостојна инсталација "Киклоп";
1987 - Скопје, тревник пред МНТ, "Просторен ритам";
1988 - Скопје, Плато пред Домот на младите "25 Мај", "Просторна скулптура";
1992 - Анталија (Турција), Градска галерија перформанс "Порака";
Манчестер (Англија), предградие Мозли, "Уметноста покрај каналот" (со Мирна Арсовска и Маргарита Киселичка Калајџиева учествува во проектот на Кери Морисон).

### НАГРАДИ:

1982 - Загреб, Награда за скулптура на Сојузот на социјалистичката младина на Хрватска;
1986 - Скопје, Награда за скулптура на ДЛУМ "Нерешки мајстори"
1987 - Скопје, Откупна награда за скулптура на РЗК на Биеналето на младите, Музеј на современата уметност;
1989 - Скопје, Награда за скулптура на изложбата Мала пластика, Салон на ДЛУМ.

## TOME ADJIEVSKI

Born on November 29. XI. 1958 in Strumica. He graduated from the Zagreb Academy of Fine Arts in 1983 (Department of Sculpture), professor Ivan Sabolic, Residence in England, Turkey and USA.
Address: Ui. Partenie Zografski 39, 91000 Skopje, Republic of Macedonia, tel (++389 91) 209 927.

### ONE-MAN EXHIBITIONS
1986 - Skopje, Museum of Macedonia (Running after the West);
1988 - Struga, "Braka Miladinovci" Cultural Club;
